Врз основа на член 384 и 387 од Законот за трговските друштва ( Сл. Весник на РМ бр. 28/2004), член 34 од Статутот на Трговското Друштво Макотекс експорт импорт АД Скопје, Одборот на директори на ТД Макотекс експорт импорт АД Скопје, објавува

# Ј А В Е Н   П О В И К

за свикување на Собрание на акционерското друштво

Собранието ќе се одржи на 30.06.2011 год. ( четврток) со почеток во 13 часот во просториите на ТД Макотекс АД Скопје, ул. Никола Парапунов бб. со следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Процедурален дел

1. Пријавување и евиденција за присуство на Собранието.
2. Избор на Верификациона комисија.
3. Избор на Претседавач на Собранието.
4. Избор на записничар и заверувачи на записникот.
5. Извештај за верификација на акционери – учесници на Собранието.

Работен дел

1. Предлог – Годишен извештај за работата на друштвото за 2010 година.
2. Предлог – Годишна сметка (Финансиски извештај) на друштвото за 2010 година со независно ревизорско мислење.
3. Предлог – Одлука за покривање на загуба на друштвото.
4. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и на водењето на работењето со друштвото за 2010 година.
5. Информација за поднесена оставка на член на Одборот на директори.
6. Предлог – Одлука за број на членови на Одбор на директори.
7. Предлог – Одлука за избор на Одбор на директори.
8. Избор на овластен ревизор, за ревизија на годишната сметка на друштвото за 2011 година.

На седницата на собранието може да учествува секој акционер лично Или преку полномошник, со полномошно заверено кај нотар.
Секој акционер кој ќе учествува на свиканото собрание должен е да го Пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.
Материјалите за седницата можат да се разгледуваат во друштвото.

ТД МАКОТЕКС АД Скопје